## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавно здравје,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 ноември 2022 година.

Бр. 08-4534/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

Член 1

Во Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ број 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16), во членот 43 став (1) во воведната реченица зборовите: „1.500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микроправни лица, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали правни лица, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „500 евра во денарска противвредност“.

Член 2

Во членот 44 во воведната реченица зборовите: „500 до 800 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „250 евра во денарска противвредност“.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавно здравје.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.